Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа Кинотека на
Република Северна Македонија
Institucioni Nacional Kinoteka e
Republikës së Maqedonisë se Veriut
Бр.-Nr. 01-864/1
25.5. 2022 год.-viti
Скопје-Shkup

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ СО ВИСОК РИЗИК ВО НУ КИНОТЕКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на Законот за заштита на лични податоци (Сл. весник бр.42/.2020 година) и Правилникот за известување за обработка на лични податоци со висок ризик (Сл. весник бр.122/2020), НУ Кинотека на Република Северна Македонија го донесе следниот:

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ СО ВИСОК РИЗИК ВО НУ КИНОТЕКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Член 1**

Агенцијата за заштита на личните податоци според член 71 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20), ќе води Евиденција на збирки на лични податоци со висок ризик. Секој контролор кој ќе процени дека обработката на личните податоци предизвикува висок ризик за правата и слободите на физичките лица е должен да достави **Известување за обработка на лични податоци која предизвикува висок ризик** за правата и слободите на физичките лица, а кое известување се доставува во електронска форма преку веб страницата на Агенцијата www.azlp.mk заради евидентирање во евиденцијата на збирки на лични податоци со висок ризик.

За да може контролорот да го достави Известувањето потребно е **претходно електронски да се евидентира во Евиденцијата на збирки на лични податоци со висок ризик преку самостојно определување на корисничко име и лозинка на пристап.**

НУ Кинотека на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Кинотека) како Контролор ќе ја извести Агенцијата за заштита на лични податоци во случај кога при користење на технологии за некој вид на обработка, земајќи ги во предвид природата, обемот, контекстот и целите на обработката на лични податоци, постои веројатност истата да предизвика висок ризик за правата и слободите на субјектите на лични податоци.

Согласно Правилникот за известување за обработка на лични податоци со висок ризик (Сл. весник бр.122 од 12.05.2020 година) се утврдува формата и содржината на образецот на Известувањето, начинот на известување на АЗЛП (Агенција за заштита на лични податоци) и формата и содржината на евиденцијата на збирки на лични податоци со висок ризик.

**Основа за дефинирање на висок ризик**

**Член 2**

За да се утврди која обработка на лични податоци ќе резултира со висок ризик по правата и слободите на субјектите на лични податоци се спроведуваат Проценките на влијание на заштитата на личните податоци согласно Правилникот за проценка на влијание на заштитата на личните податоци.

**Форма и содржина на известувањето**

**(чл.2 од Правилникот за известување за обработка на лични податоци со висок ризик)**

**Член 3**

Образецот на Известувањето кој треба да се достави до Агенцијата за заштита на лични податоци е составен дел на овој Правилник (Образец бр.1).

Известувањето се доставува во електронска форма преку веб страницата на Агенцијата за заштита на лични податоци.

**Начин на известување на АЗЛП за обработка на лични податоци со висок ризик**

**Член 4**
**Пријавување на збирки на лични податоци со висок ризик (чл.3 од Правилникот за известување за обработка на лични податоци со висок ризик)**

Збирки на лични податоци со висок ризик се пријавуваат преку корисничкиот профил на Кинотека кој е регистриран во Агенцијата за заштита на лични податоци.

Кинотека го доставува Известувањето во електронска форма преку веб-страницата на Агенцијата заради евидентирање во Евиденцијата на збирки на лични податоци со висок ризик.

По внесувањето на податоците, Кинотека го зачувува конфирмациското писмо и врши електронско внесување на податоците за збирките на лични податоци со висок ризик преку одбирање на понудените опции или пополнување на податоците за категорија или категории на субјектите на личните податоци, односно категории на личните податоци кои се однесуваат на нив.

Отпечатеното конфирмациско писмо Кинотека го заверува со печат и потпишано од директорот или од одговорното лице го испраќа веднаш со препорачана пратка до Агенцијата за заштита на лични податоци.

**Пријавување на промени во евиденцијата на збирки на лични податоци со висок ризик (чл.7 од Правилникот за известување за обработка на лични податоци со висок ризик)**
**Член 5**

За секоја промена во збирките на лични податоци со висок ризик, која може да настане при исправка или бришење на личните податоци од збирката, ограничување на обработка на личните податоци или дополнување на лични податоци во збирката на лични податоци со висок ризик или пак друг вид на промена кој бил евидентиран при ревидирање на извршената проценка на влијанието на заштитата на лични податоци писмено ја известува АЗЛП во рок од 30 дена од денот на настанување на промената.

Во случај на престанување на својството на контролор согласно прописите за заштита на лични податоци, Кинотека писмено ја известува АЗЛП во рок од 15 дена од денот на престанување на својството контролор.

**Член 6**
**Завршни одредби**

Овој Правилник стапува на сила на денот на усвојувањето.

Правилникот е предмет на редовни прегледи и ажурирања согласно промени во организациската поставеност, техничката инфраструктура или нови законски и /или регулаторни барања.

Бр. ___________________________

Датум:_________________________

НУ Кинотека на Република Северна Македонија
Претседател на Управен Одбор

Томислав Османли

**Прилог Образец бр.1 – Известување за обработка на лични податоци со висок ризик**

Врз основа на член 71 став 1 од ЗЗЛП, Кинотека ви го доставува следното Известување:

| | | |
|---|---|---|
| 1.1 | Назив на контролор | |
| 1.2 | Даночен број | |
| 1.3 | Шифра на дејност | |
| 1.4 | Организациска форма | |
| 1.5 | Општина | |
| 1.6 | Населено место | |
| 1.7 | Контакт телефон | |
| 1.8 | Електронска пошта | |
| 1.9 | Факс | |
| 1.10 | Веб страна | |
| 1.11 | Одговорно лице | |
| 1.12 | Офицер за заштита на лични податоци | |
| 1.13 | Контакт - телефон | |
| 1.14 | Електронска пошта | |
| 2. | Работно место или број и датум на ангажирање | |
| 3. | Назив на збирката на податоци со висок ризик | |
| 4. | Цел на обработка | |
| 5. | Правна основа за воспоставување збирка на лични податоци | |
| 6. | Опис на категориите на субјектите на личните податоци и на категориите на лични податоци кои се однесуваат на нив | |
| 7. | Категориите на корисници на кои се, или ќе бидат откриени личните податоци, вклучувајќи корисници во трети земји или меѓународни организации | |
| 8. | Рок на чување на личните податоци, односно предвидените рокови за бришење на различните категории на лични податоци | |
| 9. | Пренос на личните податоци во трета земја или меѓународна организација | |
| 10. | Општ опис на преземените технички и организациски мерки за обезбедување на безбедност на личните податоци | |
| 11. | Број и датум на проценката на влијанието на заштита на личните податоци | |